**Известување за концентрација со која ОРБИКО ДОО за трговија Загреб, Република Хрватска, ќе стекне дирекна контрола над ДЕБА ЦЕДАРС ИНВЕСТМЕНТ С.Р.Л., Букурешт, Романија**
**(предмет бр. 08-164/2022)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 22.12.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која друштвото ОРБИКО ДОО за трговија Загреб, со седиште на ул. Котурашка Цеста 69, Загреб, Република Хрватска,, има намера да стекне дирекна контрола над ДЕБА ЦЕДАРС ИНВЕСТМЕНТ С.Р.Л., со седиште на ул. Елена Вакареску Бр. 25, Блок XX/4, скалиште 1, кат 2, стан 8, Сектор 1, Букурешт, Романија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**ОРБИКО ДОО за трговија Загреб**, е друштво кое особено се занимава трговија на големо и истовремено истото е застапник и дистрибутер на територијата на Република Хрватска за голем број на брендови кои се движат од производи за нега и убавина, прехрамбени и непрехрамбени производи, технички и електрични апарати, лекови, играчки, текстил, цигари, моторни масла и многу други производитрговија

ОРБИКО ДОО за трговија Загреб има едно поврзано друштво во Република Северна Македонија:

Друштво за трговија и услуги **ОРБИКО ДОО Скопје**, со седиште на ул. Борис Трајковски бр. 286, Општина Кисела Вода, Скопје, Република Северна Македонија и со ЕМБС 5024277, со приоритетна дејност: 46.90 Неспецијализирана трговија на големо.

Главен предмет на работењето на ОРБИКО ДОО Скопје е неспецијализирана трговија на големо и истовремено е застапник и дистрибутер на територијата на Република Северна Македонија за голем број на брендови на рехрамбени производи,моторни масла, батерии, парфеми, тоалетни води и дезодоранси, декоративна козметика, производи за лична хигиена, производи за нега (лице и тело), производи за одржување на хигиена во домаќинствата.

**ДЕБА ЦЕДАРС ИНВЕСТМЕНТ С.Р.Л.**, Романија, со предмет на работење (претежна дејност) – 6420 дејности на холдинг друштва, е друштво со специјална инвестициона цел кое не остварува промет туку остварува приходи само од дивиденди

Директно дел од Групацијата на ДЕБА ЦЕДАРС ИНВЕСТМЕНТ С.Р.Л. се **ИНТЕРБРАНДС ОРБИКО СРЛ**, со предмет на работење (претежна дејност) – 4645 трговија на големо со козметички и парфимериски производи**,** се занимава со трговија и дистрибуција на прехрамбени и непрехрамбени производи исклучиво на територијата на Романија.

ИНТЕРБРАНДС ОРБИКО СРЛ поседуваат 100% од основната главнина и 100% гласови во одлучувањето во Џој Трејдинг С.Р.Л., со претежна дејност – 4791 - Трговија на мало преку пошта и Интернет која ја обавува исклучиво на територијата на Романија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

**27.12.2022 година**
**Скопје**